# Службен гласник

## на општина Струмица

| Излегува по потреба | бр. 2<br>04.03.2005 год.<br>Струмица | Примерокот е бесплатен |
|---|---|---|


Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 21 став 1 алинеа 4 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 03.03.2005 година ,донесе

З А В Р Ш Н А   С М Е Т К А
на Буџетот на општина Струмица за 2004 година

I.ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Вкупниот износ на планираните и остварените приходи и расходи за 2004 година изнесуваат:

| | Планирано | Остварено |
|---|---|---|
| - изворни приходи | **13.883.509,00 ден**. | 13.539.911,00 ден. |
| - неданочни приходи | 46.305.002,00 ден. | 43.256.851,00 ден. |
| - трансфери | 27.885.224,00 ден. | 27.840.783,00 ден. |
| - даноци | 1.517.308,00 ден. | 992.482,00 ден. |
| - пренесено салдо-2003 | 4.742.731,00 ден. | |
| **- Вкупно приходи** | **89.654.024,00 ден.** | **85.630.027,00 ден.** |
| **- Вкупно расходи** | **89.654.024,00 ден.** | **83.018.179,00 ден.** |
| **- Салдо на 31.12.2004** | | **2.611.848,00 ден.** |

Член 2

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи во износ од 2.611.848,00 денари се пренесува какоприход на Буџетот на општина Струмица за 2005 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот за извршувањена приходите и расходите ипосебниот дел на Завршната сметка на Буџетот по програми и тоа како што следува:

Член 5

Завршната сметка на Буџетот на општина Струмица за 2004 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-402/1
04.03.2005 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
П р е т с е д а т е л,
Зоран Манев с.р.

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Парк пред Собранието | 221.219,00 |
| 2. | Градски парк (прв дел) | 1.289.074,00 |
| 3. | Градски парк (втор дел) | 724.169,00 |
| 4. | Градски парк (тред дел) | 1.948.128,00 |
| 5. | Бежански парк | 72.909,00 |
| 6. | Ул. "Маршал Тито" | 86.868,00 |
| 7. | Бул. "Ленинова" | 118.000,00 |
| 8. | Бул. "Гоце Делчев" | 49.323,00 |
| 9. | Бул. "Балканска" | 47.904,00 |
| 10. | Ул. "Благој Јанков Мужето" | 166.498,00 |
| 11. | Зеленило пред "Отекс" | 111.670,00 |
| 12. | Зеленило пред "Супермаркет" | 94.160,00 |
| 13. | Пл. "Гоце Делчев" | 89.336,00 |
| 14. | Дрвореди | 226.828,00 |
| | Вкупно: | 5.246.086,00 |

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Струмица".

Број 07-407/1 — Совет на општина Струмица
04.03.2005 год. — П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а — Зоран Манев с.р.

…………….

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Сл. весник на РМ" број 38/96) и член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 03.03.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1.Се дава согласност на Програмата за работа на МЕАП Програмата за 2005 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-408/1 — Совет на општина Струмиа
04.03.2005 год. — П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а — Зоран Манев с.р.

…………….

Врз основа на член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03) Советот на општина Струмица на седницат аодржана на 03.03.2005 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА
УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА
ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СТРУМИЦА ЗА 2005 ГОДИНА

I

Во Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на град Струмица (Сл.гласник на општина Струмица број 8 /2004 ) во глава 4(Трошоци за уредување на градежното земјиште по области и објекти” подглава I (Расчистување на имотно правни односи) - после точка 10 се додава нова точка 11 која гласи:

“ дел од ул. “Крушевска Републи,ка”……………… 11.098.716,оо ден. и вкупниот збир се менува наместо износот од “ 6.225.264,оо ден треба да биде “17.323.980,оо ден.

- Во глава 4 подглава III (Изградба на улици) под 1 зборовите “ ул. Новопроектирана”- 500м’ 13.000.000+ДДВ 2.340.000=15.340.000,оо ден” се менуват и гласат: “ ул. “новопроектирана”-140м’ 3.594.308+ДДВ 649.976=4.241.284,оо ден”.

На крајот од подглава III под вкупниот збир: “ 33.956.800,оо ден.” се менува и гласи: “ 22.858.084,оо ден”.

- Во глава V ( Одредби за плаќање комунален надоместок за комунални уредување на градежното земјиште) во точка 1. по зборот
“ згради” се додава” ……………… 1.700,оо ден/м2”. нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот , согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градешно земјиште според степенот на уреденост. ,,

- алинеите 1,2,3,4,5,6,7,8 и 9 се бришат

- Во точка 2 под а) после зборот “објекти” се додават зборовите: “ ……….. 1.870,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот , согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градешно земјиште според степенот на уреденост, а останатите ставови се броишат

- Во точка 2 под в) после зборовите “,,други објекти,, се додават зборовите “ ……….4180 ден/м2 нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот , согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градешно земјиште според степенот на уреденост, а останатите ставови се бришат.

- Во точка 3 став 3 зборот ,,Фондот,, се брише, а се додава зборот: "Општина Струмица". со ,,Општина Струмица".

- Во точка 4 зборовите " за 1м$^2$ нето развиена површина ќе" се бришат, а после зборовите: " 1.900,оо ден/м$^2$" се додаваат зборовите: " нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот , согласно заверена проектна документација, помнижени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градешно земјиште според степенот на уреденост".

Во точка 5 став 1 после зборовите: "3800ден/м$^2$ ,, се додаваат зборовите: "нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот , согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градешно земјиште според степенот на уреденост" **-** Ставовите два ,четири и пет се бришат.

II

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-406/1
04.03.2005 год.
Струмица

Совет на општина Струмица
П р е т с е д а т е л,
Зоран Манев с.р.

…………….

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 03.03.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на град Струмица за 2004 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-403/1
04.03.2005 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
П р е т с е д а т е л,
Зоран Манев с.р.

…………….

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 03.03.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба и реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2004 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-404/1 Совет на општина Струмица
04.03.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Манев с.р.

…………….

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 03.03.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со јавното осветлување на подрачјето на општина Струмица за 2004 година.

2.Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 07-405/1 Совет на општина Струмица
04.03.2005 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Манев с.р.

…………….

С О Д Р Ж И Н А
ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА


| РБ | ИМЕ НА АКТОТ | СТРАНА |
|---|---|---|
| 1. | Завршна сметка на Буџетот на општина Струмица за 2004 година | 11 |
| 2. | Програма за работа на ЈПКД “Комуналец” Струмица за 2005 година | 21 |
| 3. | Заклучок за давање согласност на Програмата за работа на МЕАП Програмата за 2005 година | 78 |
| 4. | Програма за измена и дополнувањена Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на гр. Струмица за 2005 година | 79 |
| 5. | Заклучок за усвојување на Извештајот за реализа-ција на Програмата за уредување на грдежното зем-јиште на подрачјето на гр.Струмица за 2004 год. | 80 |
| 6. | Заклучок за усвојување на Извештајот за реализа-ција на Програмата за изградба и реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2004 г. | 81 |
| 7. | Заклучок за усвојување на Информацијата за состо-јбата со јавното осветлување на подрачјето на град Струмица за 2004 година | 81 |